Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-5213/1
23.12.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ПРОЦЕДУРА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ И ПРИЈАВУВАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛЕН АНГАЖМАН

## СОДРЖИНА

**I. Вовед** ........ 3
**II. Опфат** ........ 3
Дефиниција за судир на интереси ........ 3
Форми на судир на интереси ........ 3
**III. Должности за спречување на судир на интереси** ........ 4
Внимавање ........ 4
Изземање и запирање на постапување ........ 4
Постапки за вработување ........ 5
Постапки за јавни набавки ........ 5
**IV. Почитување должности за пријавување, забрани и ограничувања, во функција на спречување судир на интереси** ........ 5
**V. Одговорност за непочитување на должностите за пријавување интереси и спречување на судир на интереси** ........ 6
**VI. Пријавување дополнителен ангажман** ........ 6
Образец бр. 1 Барање за изземање ........ 7
Образец бр. 2 Одлука за изземање ........ 8
Образец бр. 3 Известување за дополнителен ангажман ........ 9

Процедурата е донесена земајќи ги предвид Законот за спречување корупција и судир на интереси („Службен весник на РМ бр. 12/2019), Прирачникот за лица за интегритет, Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), Кодексот за однесување на членовите на Советот и вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (бр. 01-2762/1 од 06.04.2015 година) и Политиката на интегритет на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (бр. 01-1839/1 од 13.04.2023 година),

## I. Вовед

Во насока на зајакнување и подигнување на интегритетот, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во понатамошниот текст: Агенцијата) е посветена на заштита на јавниот интерес и спречувањето на судирот на интереси.

Поаѓајќи од заложбите за обезбедување на почитување на уставноста, законитоста, професионалниот интегритет, транспарентноста и заштитата на човековите слободи и права, во Агенцијата се дава приоритет на јавниот интерес и се поттикнува и развива организациска култура која не толерира судир на интереси и во која индивидуалната одговорност и личниот пример се основа за доброто управување. За да се овозможи ефикасно управување со судирот на интереси, во Агенцијата се спроведува постапка за јасна идентификација и декларирање на личните интереси, се утврдуваат јасни правила за очекувањата од службените лица кога постои ризик од судир на интереси, се обезбедува транспарентност во процесот на решавање на ситуациите во кои се појавува судир на интереси и се развиваат механизми за следење на примената на мерките за превенција на судирот на интереси.

## II. Опфат

Процедурата се однесува на членовите на Советот на Агенцијата, директорот, заменикот на директорот, вработените во Стручната служба на Агенцијата и привремените агенциски работници[1] (во понатамошиот текст: службено/и лице/а).

„<u>Службено лице</u>“е секое вработено лице во Стручната служба на Агенцијата, како и избрано или именувано лице со мандат во Агенцијата, чија главна задача е да му служи на јавниот интерес. Службеното лице во текот на своето работење, односно вршење на функцијата, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и при извршувањето на своите должности да не се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци или ветувања од претпоставените или од друго лице.

**Дефиниција за судир на интереси**

Судирот на интереси е ситуација во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

**Форми на судир на интереси**

- *<u>Вистински (реален) судир на интереси</u>* е ситуација кога постои директен судир помеѓу службените должности и приватниот интерес на службеното лице во конкретен случај на одлучување.

[1] Привремените агенциски работници отстапени на Агенцијата од страна на приватна агенција за вработување

- *Привиден судир на интереси* е ситуација каде наликува дека постои приватен интерес, и која може да се протолкува од страна на други лица дека влијае при извршување на службените должности и носењето одлуки од страна на службеното лице.
- *Потенцијален судир на интереси* е ситуација кога може, но не мора да дојде до судир на приватните со службените должности во иднина.
- *Непотизам* е ситуација кога службеното лице ја злоупотребува својата позиција и при постапка на донесување одлуки при вршење на своите задолженија и должности или при вработувања или унапредувања во службата дава предност на одредени поединци со кои е во семејна или роднинска врска или на блиско лице со кое има приватен интерес.
- *Непочитување на неспоивоста на фунциите*
  Едно од вообичаените облици за спречување на судир на интереси се правилата за неспоивост на функција која ја врши службеното лице со други функции и дејности. Заради спречување судир на интереси, службеното лице ги почитува правилата утврдени во Уставот и законите, за неспоивост на функција која ја врши со други функции или дејности.

## III. Должности за спречување на судир на интереси

**Внимавање**

Службеното лице во текот на своето работење, односно при извршување на своите должности и задолженија внимава на евентуален судир на интерси и доколку се најде во ситуација да учествува во спроведување на постапка или во донесување на одлука при кои се појавува судир на интерес, ги презема сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго службено лице во Агенцијата.

**Изземање и запирање на постапување**

Службеното лице, кога ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, веднаш бара да биде изземено и да запре со своето постапување, а за околностите известува преку електронска пошта, и тоа:

- Членовите на Советот, директорот и заменикот на директорот го известуваат Советот на Агенцијата и лицето за интегритет, и

- Вработените во Стручната служба го известуваат директорот и лицето за интегритет.

Службеното лице, доколку се најде во ситуација да учествува во расправа на орган или тело во кое се одлучува за работи за кои тоа или блиско лице има приватен интерес, е должно да го пријави постоењето на приватниот интерес и се иззема пред расправата и одлучувањето.

Службеното лице се иззема од вршењето на определено дејствие, со тоа што преку Архивата на Агенцијата, до Советот/директорот, доставува Барање за изземање (Образец бр. 1), во кое образложува во што се состои приватниот интерес, како и причината поради која бара изземање, а за истото го информира и лицето за интегритет.

Со Одлука на Советот на Агенцијата, од вршење определено дејствие се изземаат - член на Советот, директорот и заменикот на директорот, а со Одлука на директорот (Образец бр. 2), од вршење определено дејствие се изземаат - вработените во Стручната служба. Доколку Советот, односно директорот утврди дека барањето е неосновано, се донесува Одлука за одбивање (Образец бр. 2). За одлуките се известуваат подносителот на барањето и лицето за интегритет.

Во случај кога директорот е отсутен или кога поради болест или други причини не е во можност да ја врши својата функција, службеното лице го известува заменикот на директорот или лицето кое го заменува.

**Постапки за вработување**

Службеното лице што учествува или одлучува во постапка за вработување или унапредување или е вклучено како член на телото што ја спроведува таа постапка, должно е со Барање за изземање да ги извести директорот и лицето за интегритет за сите постапки што можат да предизвикаат судир на интереси. Доколку се утврди дека Барањето е основано, тогаш тоа службено лице се заменува со друго службено лице.

Во случај кога директорот е отсутен или кога поради болест или други причини не е во можност да ја врши својата функција, службеното лице го известува заменикот на директорот или лицето кое го заменува.

**Постапки за јавни набавки**

Претседателот и членовите на комисиите за јавни набавки, како и директорот, потпишуваат Изјава за непостоење судир на интереси која претставува дел од досието од спроведена постапка за јавна набавка.

Во случај на судир на интереси кај претседателот, неговиот заменик, членовите и нивните заменици во комисијата за јавна набавка, истите се повлекуваат од работа во комисијата, за што го известуваат директорот и се заменуваат со други лица. Во случај кога директорот е отсутен или кога поради болест или други причини не е во можност да ја врши својата функција, службеното лице го известува заменикот на директорот или лицето кое го заменува. За спречување на судир на интересите во постапките за јавни набавки соодветно се применуваат одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

## IV. Почитување должности за пријавување, забрани и ограничувања, во функција на спречување судир на интереси

Службените лица во Агенцијата ги почитуваат одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси со кои се утврдени ограничувања за вршење на дејност за време на вршењето на функцијата и вработувањето.

Службеното лице вработено во Стручната служба на Агенцијата ги почитува: Уставот, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски улуги, Кодексот за однесување на членовите на Советот и вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и прописите кои се однесуваат на спречување корупција и судир на интереси, и не смее:

- да прифаќа услуги, ниту да стапува во односи кои би го довело до судир на интереси при извршување на службените должности;
- да врши надзор над работата на блиското лице;
- да склучува договор за спонзорство, ниту пак да прима донација во име на Агенцијата со цел да оствари корист за себе или блиско лице со кое има приватен интерес;
- да поседува удели или акции, ни да користи грант или заем, односно финансиска поддршка од државата или од единица на локалната самоуправа, што влијае или може да влијае на законското, објективно и непристрасно извршување на службените должности, и
- да ги користи информациите со кои располага во вршењето на службените должности за остварување корист или предност за себе или за друг.

Избраното односно именуваното лице за време на траењето на својот мандат мора да ги почитува правилата за неспоивост на нивната функција со други функции или дејности со Уставот, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски улуги, Кодексот за однесување на членовите на Советот и вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како и прописи кои се однесуваат на спречување корупција и судир на интерси, и не смее:

- од субјектите кои ги регулира и се предмет на негов надзор, да прифаќа услуги, ниту да стапува во односи кои би го довело до судир на интереси;
- да врши надзор над работата на блиското лице;
- да склучува договор за спонзорство во свое име или во име на Агенцијата, ниту пак да прима донација во име на Агенцијата со цел да оствари корист за себе или блиско лице со кое има приватен интерес;
- да поседува удели или акции, ни да користи грант или заем, односно финансиска поддршка од државата или од единица на локалната самоуправа, што влијае или може да влијае на законското, објективно и непристрасно извршување на неговата функција и вршењето на јавните овластувања, и
- да ги користи информациите со кои располага во вршењето на неговата функција, јавните овластувања и службените должности за остварување корист или предност за себе или за друг.

Избраното или именуваното лице во рок утврден со закон до Државната комисија за спречување на корупцијата го пријавува секој промет со државен имот со кој се стапува во правен однос со правно лице основано од него или член на неговото семејство или во кое одговорно лице е член на неговото семејство.

## V. Одговорност за непочитување на должностите за пријавување интереси и спречување на судир на интереси

Прикривањето на постоење судир на интереси од страна на службено лице претставува повреда на должноста и основа за покренување постапка за утврдување на одговорност и изрекување на мерки согласно закон или друг пропис.

Во случај да дојдат до било какви сознанија за постоење на судир на интереси, обврска да поднесат пријава до Агенцијата имаат членовите на Советот на Агенцијата, директорот, заменикот на директорот, вработените во стручната служба на Агенцијата, привремените агенциски работници и лицето за интегритет.

## VI. Пријавување дополнителен ангажман

Службените лица може да остваруваат приходи од научни, наставни, културни, уметнички и спортски активности и приходи од авторски, патентни и слични права, интелектуална и индустриска сопственост, освен ако со закон не е поинаку определено и доколку тоа не влијае на извршувањето на нивната службена должност или функција.

Во случај да остварат приходи од горенаведените ангажмани, службените лица за истото се должни преку електронска пошта со доставување на Известување (Образец бр. 3) да го известат лицето за интегритет.

Лицето за интегритет има обврска да го разгледа Известувањето, а во случај на сомневање за дозволеноста на ангажманот од аспект на Законот за спречување на корупција и судирот на интерси ќе побара мислење од ДКСК во врска со оправданоста на ангажманот, по што за исходот ќе го извести подносителот на Известувањето.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

Образец бр. 1

До:
- ____________[2] на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
- Лицето за интегритет во Агенцијата

## БАРАЊЕ ЗА ИЗЗЕМАЊЕ

Јас, ______________________________,______________________________________
(име и презиме) (работно место/функција)

согласно член 75 став 1 од Законот за спречување корупција и судир на интерси („Службен весник на РМ бр. 12/2019), барам да бидам изземен/а од понатамошно постапување/одлучување по предмет бр. ___________, поради потенцијален/постоење судир на интереси.

Причините поради кои го барам изземањето се:
________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________

Подносител на Барањето

Скопје, __________ ________________________

[2] Треба соодветно да се пополни во зависност од тоа до кого се поднесува Барањето (Советот или директорот).

Образец бр. 2

Врз основа на член______________[3] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24) и член 75 став 2 од Законот за спречување корупција и судир на интерси („Службен весник на РМ бр. 12/2019), ____________________[3] на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја донесе следната:

## ОДЛУКА

Барањето за изземање бр.______________ од ______________ година, поднесено од ____________________________, ______________________________ ,**СЕ УВАЖУВА / СЕ ОДБИВА**.

(име и презиме) (работно место/функција)

Лицето од став 1 на оваа одлука се **ИЗЗЕМА / НЕ СЕ ИЗЗЕМА** од натамошно постапување/одлучување по предметот од областа на________________________________________________ со бр. ____________________.

Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

*Образложение*

До ____________[3] на Агенцијата, од страна на _______________________________________,
(име и презиме)

_________________________ доставено е Барање за изземање бр. _________, од _______ година.
(работно место/функција)

Во Барањето за изземање, лицето од став 1 од диспозитивот на оваа одлука бара да биде изземено поради постоење околности за судир на интереси, од следните причини:
________________________________________________________________________________
________________________________________________________________________________.

Имајќи го предвид погоре наведеното и поднесеното Барање за изземање, ________________[3] на Агенцијата во рамките на своите законски овластувања и надлежности, а по оцена на наводите во поднесеното Барање одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

______________________

(потпис)

[3] Треба соодветно да се пополни во зависност од тоа кој ја донесува Одлуката (Советот или директорот).

Образец бр. 3

До: Лицето за интегритет во Агенцијата

Предмет: Известување за дополнителен ангажман

Почитуван/а,

Согласно Глава 6 од Процедурата за управување со судир на интереси и пријавување на дополнителен ангажман бр. ____________ од ___________година, Ве известувам дека имам дополнителен ангажман од кој остварувам приходи.

Опис на ангажмнот:

______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________.

Доколку се потребни дополнителни информации, Ви стојам на располагање.

_______________

(потпис)